# Република Северна Македонија
# Општина Кавадарци

[redacted]

Арх.Бр.11-2045/15____

Дата: 20.07.2022год.
Кавадарци

Република Северна
Македонија
Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Северна
Македонија

Тел. 043/ 416-130
Факс 043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk

Врз основа на член 65, став (6) од Законот за животна средина (**„Службен весник на РМ" бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 28/18, 65/18 и 99/18**), Градоначалникот на **Општина Кавадарци**, донесе

Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ за Урбанистички план за село Рожден, Општина Кавадарци, кој се носи согласно Закон за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 217/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Правилникот за поблиска содржина, форма и начин на обработка на ГУП, ДУП, УПС, УПВНМ и Регулациски план на ГУП, формата, содржина и начин на обработка на Урбанистичко-плански документации и Архитектонско-урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура („Службен весник на РМ" бр.142/15 ) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно чл. 65 од Законот за животна средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за спроведување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на **Општина Кавадарци,/http:www.kavadarci.gov.mk/.**

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животната средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Урбанистички план за село Рожден, Општина Кавадарци. нема да има влијание врз животната срединна.

4. Од проектот не се очекуваат значајни влијанија врз животот

[redacted]

Арх.Бр.11-2045/15____

Дата: 20.07.2022год.
Кавадарци

Република Северна Македонија
Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Северна Македонија

Тел. 043/ 416-130
Факс 043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk

и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на планираните проектни содржини не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи на животната средина и животот и здравјето на луѓето. Исто така за предложенит опфат на УПС Рожден имало претходна документација која согласно Закон е укината па Општина Кавадарци повела постапка за опшчнување на план во истите граници на село Рожден.

5. Против ова одлука може да се поднесе жалба до Одделението за урбанизам на Општина Кавадарци во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ГРАДОНАЧАЛНИК
Д-р Митко Јанчев